Општина Ранковце
Соопштение до јавноста
Дата: 10.09.2024 година

Почитувани граѓани,

Ве известуваме дека во период од 22.03.2024 година до 14.05.2024 година во Општина Ранковце се реализира проектот „Реконструкција на улично осветлување со енергетски ефикасни ЛЕД светилки во Општина Ранковце". Со проектот е извршена замена на 409 постоечки светилки со нови енергетски ефикасни ЛЕД светилки во шест населени места во општина Ранковце (Ранковце, Опила, Љубинци, Гиновци, Петралица и Псача).

Овој проект се имплементира преку Минисерство за финансии, со под заем и грант средства од Меѓународна банка за обнова и развој Светска банка, наменети за проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП).

Вкупната вредност на проектот изнесува 9.392.799,00 денари.

Корисници на овој проект се жителите на шест населени места во општина Ранковце (Ранковце, Опила, Љубинци, Гиновци, Петралица и Псача), со вкупен број на жители 2949.
Со реализација на овој проект ќе се заштеди на потрошена електрична енергија, заштеда по основ на одржување и намалување на CO2 емисија.

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ